МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД
Бр. 03-1396/1
13. 11 20 15 год.
СКОПЈЕ

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 09-1541/1
09. 11 20 15 год.
СКОПЈЕ

Здружение - Институт на директори
Бр. 007
11. 11 2015 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКА БЕРЗА

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КХВ MCMXCII

ИНСТИТУТ НА ДИРЕКТОРИ

# МЕМОРАНДУМ

## за соработка

склучен помеѓу

**Комисија за хартии од вредност**, со седиште на адреса "Димитрија Чуповски" 26, Скопје, застапувана од м-р. Елизабета Чингаровска, Претседател;

**Македонска берза АД Скопје**, со седиште на адреса "Орце Николов" 75, Скопје, застапувана од Иван Штериев, Главен Извршен директор (во понатамошниот текст: Берза);

и

**Здружение Институт на Директори Скопје,** со седиште на ул. Прашка бр.4, Скопје, застапувано од Самир Латиф, претседател на Управен одбор;

### Член 1

Потписниците на овој Меморандум имаат заедничка цел за промовирање на добрите практики на Корпоративното управување преку зголемување на нивото на едукација на оваа значајна тема и подобрување на деловното окружување преку промовирање на одличноста во корпоративното управување и помош и поддршка на директорите во остварувањето на нивните функции;

### Предмет на меморандумот

### Член 2

Предмет на овој меморандум е утврдување на основите на меѓусебни права и обврски при заедничко организирање и реализирање на:

1. Организирање на обуки и пренесување на знаење од областа на Корпоративното управување;
2. Организирање на настани, професионални средби, работилници и конференции;
3. Унапредување на деловното окружување преку изработка и/или унапредување на прописи кои ја опфаќаат областа на Корпоративното управување.

## Права и обврски на Комисија за хартии од вредност на РМ

### Член 3

Комисијата за хартии од вредност на РМ се обврзува активно да учествува во реализација на активностите утврдени во овој Меморандум особено во креирање на програма за обука за Корпоративно управување, креирање на специјализирана програма за обука за Корпоративни секретари, подготовка на материјали поврзани со обуки, работилници, семинари, предавања, како и активно да учествува во рекламирање, промоција и администрирање на истите.

Комисијата за хартии од вредност на РМ се обврзува да ги промовира активностите утврдени во овој Меморандум преку својата интернет страница, и тоа, во континуитет согласно времетраењето на овој Меморандум за соработка.

Комисијата за хартии од вредност на РМ се обврзува да дозволи користење на своето лого при јавни настапи, семинари, електронски и пишани медиуми, со назнака: „организирано во соработка со Комисија за хартии од вредност на РМ" за активностите предвидени во овој Меморандум за соработка.

Во рамки на останатите активности предвидени во член 2 од овој Меморандум, а кој не се однесуваат на Обуки и пренесување на знаење, Комисијата за хартии од вредност на РМ се обврзува да ги даде на располагање сите свои материјали и знаење со цел исполнување и остварување на предвидените активности.

## Права и обврски на Македонска берза АД Скопје

### Член 4

Македонска берза се обврзува активно да учествува во реализација на активностите утврдени во овој Меморандум особено во креирање на програма за обука за Корпоративно управување, креирање на специјализирана програма за обука за Корпоративни секретари, подготовка на материјали поврзани со обуки, работилници, семинари, предавања, како и активно да учествува во рекламирање, промоција и администрирање на истите.

Македонска берза се обврзува да ги промовира активностите - утврдени во овој Меморандум преку својата интернет страница, и тоа, во континуитет согласно времетраењето на овој Меморандум за соработка.

Македонска берза се обврзува да дозволи користење на своето лого при јавни настапи, семинари, електронски и пишани медиуми, со назнака: „организирано во соработка со Македонска берза АД Скопје" за активностите предвидени во овој Меморандум за соработка.

Македонска берза се обврзува да овозможи користење на салата за семинари за специјалистичките обуки со цел исполнување и остварување на предвидените активности во овој Меморандум за соработка.

Во рамки на останатите активности предвидени во член 2 од овој Меморандум, а кој не се однесуваат на Обуки и пренесување на знаење, Македонска Берза се обврзува да ги даде на располагање сите свои материјали и знаење со цел исполнување и остварување на предвидените активности.

**Права и обврски на Здружение Институт на Директори Скопје**

**Член 5**

Здружението Институт на Директори Скопје се обврзува да обезбеди програма за обука за Корпоративно управување (во оригинал: Corporate Governance Leadership Training Resource Kit), специјализирана програма за обука за Корпоративни секретари (во оригинал: Corporate Secretaries Toolkit) и специјализирана програма за обука за Корпоративно управување во Банки (во оригинал: Enhancing Bank Governance, Training Resources for the ECA Region). Дополнително, Здружението Институт на Директори Скопје се обврзува да обезбеди и дел од предавачите за обуките и активно да учествува во рекламирање, промоција и администрирање на истите.

Програмите со обуки за Корпоративно управување ќе бидат достапни исклучиво само во рамки на заедничките активности предвидени во овој Меморандум. Здружението Институт на Директори Скопје може самостојно да ги користи во рамки на своите активности.

Здружението Институт на Директори Скопје се обврзува да ги промовира активностите утврдени во овој Меморандум преку својата интернет страница, и тоа, во континуитет согласно времетраењето на овој Меморандум за соработка.

Здружението Институт на Директори Скопје се обврзува да дозволи користење на своето лого при јавни настапи, семинари, електронски и пишани медиуми, со назнака: „организираново соработка со Здружението Институт на Директори Скопје " за активностите предвидени во овој Меморандум за соработка.

Во рамки на останатите активности предвидени во член 2 од овој Меморандум, а кој не се однесуваат на Обуки и пренесување на знаење, Здружението Институт на Директори Скопје се обврзува да ги даде на располагање сите свои материјали и знаење со цел исполнување и остварување на предвидените активности.

**Надоместоци и трошоци за обуките**

**Член 6**

Надоместоците за учество на обуките и трошоците за заеднички организирани и реализирани активности бидат утврдени во заедничка соработка помеѓу претставниците на соодветните институции кои се членови на координативното тело за подготовка и реализација на активностите утврдени со Меморандумот и администрирани преку Здружение Институтот за директори Скопје.

### Координација и имплементација

**Член 7**

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат согласно планот што ќе го достави Координативното тело до сите потписнички на Меморандумот.

Координативното тело е составено од претставници од сите институции потписнички на Меморандумот и ќе се формира 7 дена од денот на потпишување на Меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува потписниците во остварување на меѓусебна соработка по друг основ или во остварување соработка со други страни во согласност со своите фокуси на дејствување, програми или планови.

Во рамките на имплементација на активностите предвидени во овој Меморандум, страните се обврзуваат дека на транспарентен начин ќе ги извршуваат планираните активности и ќе ги дискутираат сите прашања во врска со остварувањето на целите утврдени во Меморандумот.

### Времетраење и истапување од меморандумот

**Член 8**

Потписниците на Меморандумот може да се повлечат од Меморандумот, со писмено известување до другите потписници 15 дена пред истекот на период во кој важи овој Меморандумот.

Меморандумот важи за период од две години од денот на потпишувањето. По овој период, доколку страните немаат писмена белешка испратена до другата страна, тој автоматски ќе се продолжи и во наредните две години.

Измена и дополнување на овој меморандум може да се склучи со Анекс кон овој меморандум и истиот задолжително се составува во писмена форма.

Меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување.

### Преодни и завршни одредби

**Член 9**

Овој меморандум е направен во 3 примероци, од кои по 1 (еден) за секој потписник.

**За Комисија за хартии од вредност** на РМ

______________________________

**За Македонска берза АД Скопје**

______________________________

**За Здружението Институт на Директори Скопје**

______________________________